**РАМКОВЕН ДОГОВОР ЗА ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ**

**1. ДАТУМ: __.__.____, МЕСТО: ________________**

**2. ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

**2.1. ДАВАТЕЛ НА ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ:**
НАЗИВ: СТОПАНСКА БАНКА АД-СКОПЈЕ
СЕДИШТЕ/АДРЕСА: ул. „11 Октомври" бр. 7 Скопје, Општина Центар
ЕМБС: 4065549, Трговски регистар - Централен регистар на Република Северна Македонија
ЕДБ: 4030996116744
АДРЕСА НА ЕЛЕКТРОНСКА ПОШТА: sbank@stb.com.mk
ИНТЕРНЕТ-СТРАНИЦА: www.stb.com.mk
КОНТАКТ-ЦЕНТАР: тел. + (02)3100 109, адреса за електронска пошта: kontaktcentar@stb.com.mk
ОРГАН НАДЛЕЖЕН ЗА НАДЗОР: Народна банка на Република Северна Македонија (НБРСМ)
АДРЕСА НА ФИЛИЈАЛА: ______________________________
ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ: Диомидис Николетопулос, генерален извршен директор и претседател на Управен одбор, и Милица Чапаровска – Јовановска, генерален директор за банкарство на мало и член на Управен одбор
(во понатамошниот текст: Банка) и

**2.2. КОРИСНИК НА ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ:**
НАЗИВ: ______________________________
СЕДИШТЕ: ______________________________
ЕМБС: ______________________________
ЕДБ: ______________________________
ЕЛЕКТРОНСКА ПОШТА: ______________________________
ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ: ______________________________
(во понатамошниот текст: Корисник)

**3. ОПШТИ ОДРЕДБИ**
(1) Овој текст заедно со следните прилози:

- Барање за отворање/измена на платежна сметка и овластени потписници на правното лице,
- Пријава за овластени доставувачи на платежни налози,
- Пријава за регистрација на правно лице,
- Барање за издавање дебитна платежна картичка за правни лица,
- Пријава за i-bank сервисот (дигитално банкарство) на Стопанска банка АД – Скопје за правни лица,
- Барање за прифаќање на платежни трансакции засновани на картички и Пријава за активирање на платежна услуга прифаќање на платежни трансакции засновани на картички,
- Општи услови и правила за работа со платежна сметка на правни лица и други услуги за правни лица,
- Општи правила и услови за користење на i-bank сервисот (дигитално банкарство) на Стопанска банка АД – Скопје за правни лица,

- Општи правила и услови на Стопанска банка АД - Скопје за користење на платежни картички за правни лица,
- Општи правила и услови на Стопанска банка АД - Скопје за прифаќање на платежни трансакции засновани на картички,
- Тарифата за надоместоците на услуги поврзани со платежна сметка,

претставуваат единствена целина на Рамковниот договор за платежни услуги (во понатамошниот текст: Договор) со кој се уредуваат: (1) извршувањето на поединечни и последователни платежни трансакции и (2) правата, обврските и условите за отворање, одржување и затворање на платежна сметка.
(2) За сé што не е уредено со овој Договор се применуваат прилозите од став 1 од овој член и Законот за платежни услуги и платни системи (во понатамошниот текст: ЗПУПС) и останатите законски и подзаконски прописи.
(3) Прилозите од став 1 од оваа точка се достапни во електронска верзија на најмалку еден траен медиум: на веб-порталот на Банката за персонализиран пристап за известувања и документи за платежни услуги (во понатамошниот текст: веб-портал на Банката) или во електронското поштенско сандаче во дигиталното банкарство (e-banking и m-banking), на видно место на веб-страницата: www.stb.com.mk и во печатена верзија во филијалите на Банката.
(4) Со потпишување на овој Договор, Корисникот потврдува дека ги примил, ги прочитал, ги разбрал и се согласил со:
- прилозите од став 1 од оваа точка и
- претходните информации за користење на платежни услуги согласно член 56 од ЗПУПС.
(5) Договорните страни се согласни Банката да врши ажурирање на Рамковниот договор и Општите правила и услови од став 1 од оваа точка. Секоја измена на Рамковниот договор и Општите правила и услови од став 1 од оваа точка Банката ќе му ја предложи на Корисникот најдоцна два месеца пред датумот на нивната примена.
(6) Рамковниот договор и Општите правила и услови од став 1 од оваа точка со сите нивни измени интегрирани во документите (ажурирани последни верзии) се достапни во електронска верзија на најмалку еден траен медиум: на веб-порталот на Банката или во електронското поштенско сандаче во дигиталното банкарство (e-banking и m-banking), на видно место на веб-страницата на Банката и во печатена форма во филијалите на Банката.
(7) За достапноста на последните ажурирани верзии од Рамковниот договор и Општите правила и услови од став 1 од оваа точка Корисникот ќе биде известен на еден од следните начини: по пат на СМС-порака на телефонскиот број за контакт или со испраќање текстуална порака преку апликација за размена на пораки и повици (Viber,WhatsApp и други) регистрирана со телефонскиот број за контакт или на наведената електронска пошта или писмено известување, согласно последните ажурирани податоци на Корисникот.
(8) Дефинициите на поимите кои се употребуваат во овој Договор го имаат значењето што им е пропишано во ЗПУПС и во прилозите од став 1 од оваа точка.

## 4. ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ

### 4.1. ОПИС НА ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ

(1) Банката како давател на платежни услуги ги овозможува следниве платежни услуги:

1) внесување и повлекување готовина на платежна сметка, како и сите активности поврзани со отворање, одржување и затворање на таа сметка;

2) извршување платежни трансакции, вклучувајќи пренос на парични средства на платежна сметка кај Банката на Корисникот или кај друг давател на платежни услуги:

- извршување на платежни трансакции со платежни картички или слични телекомуникациски, дигитални или информатички уреди и
- извршување на кредитни трансфери, вклучувајќи трајни налози;

3) извршување на платежни трансакции кај коишто паричните средства се обезбедени со кредитна линија за корисникот на платежни услуги:

- извршување на платежни трансакции со платежни картички или слични телекомуникациски, дигитални или информатички уреди и
- извршување на кредитни трансфери, вклучувајќи трајни налози;

4) издавање платни инструменти и/или прифаќање платежни трансакции;

5) парични дознаки;

6) услуги за иницирање на плаќања;

7) купување или продавање странски платежни средства и

8 ) услуги за давање информации за платежните сметки.

(2) По поднесено и одобрено барање за отворање платежна сметка согласно овој Договор, Банката може да му отвори една или повеќе платежни сметки на Корисникот во иста или во различни валути, без разлика на нивните карактеристики или намена.

(3) Банката работењето со платежната сметка на Корисникот ќе го врши согласно наведеното во Барањето за отворање/измена на платежна сметка и овластени потписници на правното лице, Општите услови и правила за работа со платежна сметка на правни лица и други услуги за правни лица и ЗПУПС.

**4.2. ЕДИНСТВЕНА ИДЕНТИФИКАЦИСКА ОЗНАКА И СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ИНФОРМАЦИИ**

(1) Платежната сметка има единствена идентификациска ознака – број на платежната сметка доделен од страна на Банката која се утврдува во барањето за отворање платежна сметка и се користи при издавање платни налози заради недвосмислена идентификација на Корисникот и платежната сметка.

(2) Корисникот доставува уредно пополнет платен налог до Банката во хартиена форма или пак го доставува по пат на дигиталните канали. Уредно пополнет налог во смисла на овој став се смета платниот налог кој ги содржи задолжителните елементи и формата на платниот налог согласно подзаконскиот акт на НБРСМ за извршување платежни трансакции.

**4.3. РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВАТА ОД ПЛАТЕЖНАТА СМЕТКА**

(1) За располагање со средствата од платежната сметка, Корисникот има право да овласти едно или повеќе деловно способни физички лица како овластени лица за работа со платежната сметка, согласно Општите услови и правила за работа со платежна сметка на правни лица и други услуги за правни лица.

(2) Законскиот застапник на Корисникот со Барањето за отворање/измена на платежна сметка и овластени потписници на правното лице ги назначува овластените лица за работа со платежните сметки и нивните овластувања и е одговорен за навремено известувања на Банката за сите промени и отповикувања на нивните овластувања.

**4.4. АВТОРИЗАЦИЈА И ИЗВРШУВАЊЕ ПЛАТЕЖНИ ТРАНСАКЦИИ**

(1) Авторизација и извршување на платежните трансакции Банката врши согласно Општи услови и правила за работа со платежна сметка на правни лица и други услуги за правни лица, ЗПУПС, применливи подзаконски акти на НБРСМ и важечките законски прописи од областа на девизното работење.

**4.5. ПРИЕМ НА ПЛАТЕН НАЛОГ**

(1) Време на прием на платниот налог е моментот кога Банката го примила платниот налог.
(2) Банката ја задолжува платежната сметка на Корисникот по приемот на платниот налог.
(3) Ако времето на прием на платниот налог е во неработен ден за Банката, се смета дека платниот налог е примен следниот работен ден.
(4) Крајното време за прием на платниот налог е определено со Терминскиот план за извршување на платните трансакции, кој е достапен на веб-страницата на Банката. Платните налози кои се примаат по завршување на терминскиот план во тековниот ден се сметаат дека се примени следниот работен ден на Банката.
(5) Корисникот кој иницира платен налог и Банката можат да договорат извршувањето на платниот налог да започне на точно одреден ден или на крајот на одреден период или на денот на кој плаќачот ќе ги стави на располагање на Банката потребните парични средства за извршување на платниот налог, при што времето на прием на платниот налог се смета дека е договорениот ден за извршување на платниот налог.
(6) Ако договорениот ден од став 5 од оваа потточка е неработен ден за Банката, се смета дека платниот налог е примен следниот работен ден.
(7) Доколку Банката одбие да го изврши платниот налог или да ја иницира платежната трансакција, ќе го извести Корисникот за причините за одбивање и за постапката за исправка на грешките кои довеле до одбивање на платниот налог, освен ако давањето на информациите е забрането со закон.

**4.6. РОК ЗА ИЗВРШУВАЊЕ ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ**

(1) Максимален рок за извршување на платежните услуги кои се предмет на овој Договор е согласно Терминскиот план за извршување на платни транскации во платен промет во земјата, односно Терминскиот план за платниот промет со странство, кои се достапни на веб-страницата на Банката.

**4.7. ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ТРОШЕЊЕ ПРИ КОРИСТЕЊЕ ПЛАТЕН ИНСТРУМЕНТ**

(1) Кога платниот инструмент се користи за давање на согласноста за извршување на платежната трансакција, ќе се применуваат трансакциските ограничувања кои се наведени во Општите правила и услови за користење на тие платни инструменти и услуги.

**5. ДЕБИТНА БИЗНИС КАРТИЧКА**

(1) Банката му издава на Корисникот една или повеќе дебитни бизнис картички врз основа на поднесено Барање за издавање дебитна платежна картичка за правни лица.

(2) Банката ги издава дебитните бизнис картички од став 1 од оваа точка на овластени иматели на платежна картичка определени од Корисникот во барањето.

(3) Правата, обврските и одговорностите на договорните страни во врска со користење на дебитната бизнис картичка се уредени во Општите правила и услови на Стопанска банка АД - Скопје за користење дебитни картички за правни лица.

**6. УСЛУГИ НА ДИГИТАЛНОТО БАНКАРСТВО**

(1) Услугата дигитално банкарство ќе му биде обезбедна на Корисникот во обем и на начин наведен во Пријавата за i-bank сервисот (дигитално банкарство) на Стопанска банка АД – Скопје за правни лица.

(2) Банката ќе ги дава, а Корисникот ќе ги користи услугите од став 1 од оваа точка согласно Општите правила и услови за користење на i-bank сервисот (дигитално банкарство) на Стопанска банка АД – Скопје за правни лица.

**7. ФИЗИЧКИ И ИНТЕРНЕТ ПОС ПРОДАЖНИ МЕСТА**

(1) Банката ќе му овозможи на Корисникот услуга за наплата на побарувања произлезени од продажба на стоки и/или услуги со платежни картички преку физички ПОС терминал или преку веб-страницата на Корисникот врз основа на поднесено Барање за прифаќање на платежни трансакции засновани на картички и Пријава за активирање на платежна услуга прифаќање на платежни трансакции засновани на картички.

(2) Правата, обврските и одговорностите на договорните страни во врска со користење на услугата од став 1 од оваа точка се уредени со Општите правила и услови на Стопанска банка АД - Скопје за прифаќање платежни трансакции засновани на картички.

**8. НАДОМЕСТОЦИ, КАМАТНИ СТАПКИ И ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ**

**8.1. НАДОМЕСТОЦИ**

(1) Банката има право да пресмета и да наплати од Корисникот надоместоци за платежни услуги кои му ги пружа согласно овој Договор.

(2) Видот и износот на сите надоместоци, вкупно и по поединечни ставки, кои се или би биле на товар на Корисникот се наведени во Тарифата за надоместоците на услугите во делот кој се однесува за правните лица.

(3) Тарифата со сите нејзини измени интегрирани во документот (ажурирана последна верзија) е достапна во електронска верзија на најмалку еден траен медиум: на веб-порталот на Банката или во електронското поштенско сандаче во дигитално банкарство (e-banking и m-banking), на видно место на веб-страницата на Банката и во печатена форма во филијалите на Банката. Банката ќе го

извести Корисникот за измена на Тарифата најдоцна два месеца пред датумот на нејзината примена.
(4) За достапноста на последната ажурирана верзија од Тарифата, Корисникот ќе биде известен на еден од следните начини: по пат на СМС-порака на телефонскиот број за контакт или со испраќање текстуална порака преку апликација за размена на пораки и повици (Viber,WhatsApp и други) регистрирана со телефонскиот број за контакт или на наведената електронска пошта или писмено известување, согласно последните ажурирани податоци на Корисникот.
(5) Со потпишувањето на овој Договор, Корисникот ја овластува Банката надоместоците од став 2 од оваа потточка на денот на доспевање да ги наплати со директно задолжување на неговата платежна сметка кај Банката. Ако Банката не ги наплати надоместоците од платежната сметка на Корисникот, односно ако Корисникот на денот на доспевање на плаќањето не ги намири споменатите обврски, Банката пресметува и наплатува законска казнена камата согласно Законот за облигационите односи.

**8.2. КАМАТНИ СТАПКИ**
(1) На денарските и девизните средства на платежните сметки, Банката пресметува и плаќа камата во полза на Корисникот согласно Општите услови и правила за работа со платежна сметка на правни лица и други услуги за правни лица.

**8.3. ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ**
(1) За секаков вид платежна трансакција кој опфаќа купопродажба на девизи и ефективни странски пари се применуваат курсеви од курсната листа на Банката, важечка на денот на реализација на платежната трансакција.
(2) Курсната листа од став 1 од оваа потточка е достапна во сите филијали и на интернет-страницата на Банката.
(3) При замена на валута, Банката применува куповен курс при купување девизи од Корисникот, односно продажен курс при продажба на девизи или ефективни странски пари на Корисникот.

## 9. КОМУНИКАЦИЈА МЕЃУ ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

(1) Банката го комуницира, го известува и/или информира Корисникот на платежни услуги користејќи ги средствата за комуникација и контактните податоци наведени во потточка 2.2. од овој Договор.
(2) Доколку при ажурирање на документите и податоците на Корисникот на платежни услуги, во рамките на постојаното следење на деловниот однос со корисниците на платежни услуги од страна на Банката, Корисникот ги променил контактните податоци од потточка 2.2. од овој Договор, Банката ќе го комуницира, ќе го известува и/или информира Корисникот на платежни услуги согласно последните ажурирани податоци.
(3) Доколку Корисникот на платежни услуги е корисник на онлајн услуга, односно за целите на користењето на одредени платежни услуги се поврзува со Банката преку јавно достапна комуникациска мрежа (како што е интернетот), Банката може да контактира со Корисникот на платежни услуги преку средства за комуникација на далечина.
(4) Како средство за комуникација на далечина согласно став 3 од оваа точка се имаат предвид следните електронски средства за комуникација: електронско поштенско сандаче (англ: electronic mailbox), СМС – услуга за испраќање текстуални пораки помеѓу телефони (англ: SMS – акроним од Short Message/Messaging Service), апликација за размена на пораки и повици (Viber,WhatsApp и

други) регистрирана со телефонскиот број за контакт, е-пошта (англ: e-mail) или веб-порталот на Банката.
(5) Измените на овој Договор, Општите правила и услови и Тарифата од точка 3 став 1 од овој Договор Банката ќе му ги предложи на Корисникот на платежни услуги на траен медиум согласно наведеното во точка 3 став 5, став 6 и став 7 и потточка 8.1. став 3 и став 4 од овој Договор.
(6) Согласно ЗПУПС, траен медиум е секој инструмент кој му овозможува на Корисникот на платежни услуги да ги зачува информациите кои се упатени лично до него на начин што овозможува да му бидат достапни во одреден временски период соодветен на целите на нивно користење и што дозволува непроменета репродукција на зачуваните информации.
(7) Како траен медиум согласно став 5 и став 6 од оваа точка се подразбира: веб-порталот на Банката, електронското поштенско сандаче во дигиталното банкарство (e-banking и m-banking), мултимедијален запис, ПДФ (англ: PDF од portable document format), преносни уреди за складирање податоци (пример УСБ), други трајни медиуми кои ги задоволуваат критериумите за друг траен медиум согласно дефиницијата од став 6 од оваа точка.
(8) Доколку Корисникот на платежни услуги не ја информирал Банката дека контактните податоци од потточка 2.2. од овој Договор се неважечки и со тоа преку нив тој повеќе не е достапен за комуникација, Банката може да се обиде да го контактира преку друг канал за комуникација.

## 10. ЗАШТИТНИ И КОРЕКТИВНИ МЕРКИ

(1) Заштитните и корективни мерки при користење платен инструмент, како и правата, обврските и одговорностите на договорните страни во врска со вршење платежни трансакции преку платен инструмент се уредени со Општи услови и правила за работа со платежна сметка на правни лица и други услуги за правни лица.
(2) Правата, обврските и одговорностите на договорните страни во врска со извршување на платежните трансакции се уредени со Општите услови и правила за работа со платежна сметка на правни лица и други услуги за правни лица.

## 11. ВРЕМЕТРАЕЊЕ, ИЗМЕНИ, ДОПОЛНУВАЊА И РАСКИНУВАЊЕ НА РАМКОВНИОТ ДОГОВОР

### 11.1. ВРЕМЕТРАЕЊЕ

(1) Овој Договор се склучува на неопределено времетраење и неговата важност може да престане под услови предвидени во Општите услови и правила за работа со платежна сметка на правни лица и други услуги за правни лица.

### 11.2. ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА

(1) Условите и начинот на измена и дополнување на овој Договор и прилозите од точка 3, став 1 од овој Договор се уредени со Општите услови и правила за работа со платежна сметка на правни лица и други услуги за правни лица и ЗПУПС.

### 11.3. РАСКИНУВАЊЕ

(1) Условите за раскинување на овој Договор се уредени со Општите услови и правила за работа со платежна сметка на правни лица и други услуги за правни лица и ЗПУПС.

## 12. ПРАВНА ЗАШТИТА НА КОРИСНИКОТ НА ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ

### 12.1. ПРОПИСИ КОИ СЕ ПРИМЕНУВААТ НА РАМКОВНИОТ ДОГОВОР

(1) На платните услуги кои се предмет на овој Договор се применуваат одредбите од Законот за платежни услуги и платни системи, од Законот за девизното работење, од Законот за облигационите

односи, од Законот за заштита на личните податоци, како и од други важечки законски и подзаконски прописи во Република Северна Македонија.

**12.2. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА КОРИСНИКОТ НА ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ**

(1) Доколку Корисникот смета дека Банката не се придржува кон своите обврски за информирање во врска со платежните услуги, не ги исполнува своите обврски за давање платежни услуги, односно не му овозможува користење на платежните услуги согласно овој Договор и ЗПУПС, има право да поднесе приговор во писмена или електронска форма до Банката.

(2) Корисникот кој поднел приговор согласно став 1 од оваа потточка и не е задоволен од добиениот одговор или пак не добил одговор во рамките на договорениот рок, може да поднесе поплака до НБРСМ.

(3) Поднесувањето поплака до НБРСМ не го исклучува или ограничува правото на Корисникот да поведе судски спор со Банката заради заштита на своите интереси.

(4) Одговорот на Банката по приговорот од став 1 од оваа потточка, правото на поднесување поплака до НБРСМ и можноста за решавање на споровите помеѓу договорните страни во вонсудска постапка се уредени со Општите услови и правила за работа со платежна сметка на правни лица и други услуги за правни лица и ЗПУПС.

**13. ОСТАНАТИ ОДРЕДБИ**

(1) Банката е учесник во следните платни системи, и тоа:

-Македонски Интербанкарски Платен Систем – МИПС на Народна банка на РСМ

-други платни системи

(2) На барање на Корисникот, Банката ќе му ги стави на располагање информациите за правилата за работа според кои функционираат платните системи од став 1 од оваа точка.

(3) Банката ќе ги обработува личните податоци на застапниците по закон на Корисникот, на неговите овластени лица за работа со платежната сметка, на неговите овластени иматели на платежна картичка и на неговите овластени лица за дигитално банкарство во онаа мера која е потребна за исполнување на овој Договор, вклучително и да ги контактира овие лица за ажурирање на нивните лични податоци и податоците на Корисникот.

(4) Банката гарантира дека обезбедува соодветно ниво на безбедност на личните податоци на лицата од став 3 од оваа точка, вклучувајќи заштита од неовластена или незаконска обработка, како и заштита од случајно губење, уништување или оштетување, со примена на соодветни технички и организациски мерки кои ја гарантираат доверливоста на податоците.

(5) За сѐ што не е предвидено со овој Договор ќе важат релевантните законски и подзаконски прописи, како и актите на Банката.

(6) Овој договор е составен во 2 идентични примерока, од кои по еден задржуваат Банката и Корисникот.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ:**

| **ЗА БАНКАТА** | **ЗА КОРИСНИКОТ** |
|---|---|
| Овластено лице на филијалата | Законски застапници на правното лице |
| ______________________________ | ______________________________ |
| Референт на Банката | ______________________________ |
| ______________________________ | ______________________________ |
| *Име, презиме и потпис* | *Име, презиме и потпис* |

*во примена од 10.05.2025 година*